РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 2

| Примено | 26.08.2013 | | |
|---|---|---|---|
| Орг единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 12/101 | | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12 и 24/13), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **македонски јазик** за VI одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ПРЕЧКИ ВО
ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК

VI ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2013

## 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да се оспособува да ги препознава и да ги разликува основните каратеристики на македонскиот јазик во неговиот историски развој;
- да се оспособува да ги разликува видовите согласки и самогласки во писменото и усното изразување;
- да се оспособува да го применува правилото за зборовно акцентирање во македонскиот стандарден јазик;
- да се оспособува да развива сложена од проста реченица и да направи проста од сложена;
- да разликува зборови со различно лексичко значење во усната и писмената комуникација;
- да ги усвојува основните поими кои ја карактеризираат драмата како книжевен вид/род;
- да се запознае со основните карактеристики на лирските творби;
- да се оспособува да учествува во разговор;
- да ги разликува главните и споредните улоги во театарска претстава;
- да знае кој учествува во создавање театарска претстава.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: *ЈАЗИК* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>❖ да го знае потеклото на македонскиот јазик;<br>❖ да ги препознава глаголското и кирилското писмо (на факсимил). | Потеклото на македонскиот јазик<br>Старословенски азбуки: глаголица и кирилица<br>Современо македонско кирилско писмо | Старословенски јазик<br>Глаголица<br>Кирилица<br>Современо македонско кирилско писмо | o Визуелно запознавање на старословенскиот јазик (фотокопии од текстови од споменици).<br>o Пишување на компјутер графеми од старословенскиот јазик.<br>o Разгледување текстови со глаголско и кирилско писмо. |
| | **Фонетика** | | |
| ❖ да се поттикнува да се запознае со слоготворната функција на самогласките;<br>❖ да се оспособи да ги препознава видовите согласки (звучните и безвучните во парови). | Поделба на гласовите (самогласки и согласки)<br>Поделба на согласките: звучни и беззвучни | Самогласки (вокали)<br>Согласки (консонанти)<br>Сонанти | o Вежба: Учениците добиваат листа со неколку согласки и една самогласка. Добиваат налог од нив да состават збор (ови), истите да ги запиат и да ги изговорат.<br>o Вежби: Подредување картички со букви – самогласките се на сини картички, а согласките на црвени. Читаат букви од азбуката, а потоа сините картички ги сместуваат во сина кутија (на неа пишува самогласки), додека црвените во црвена кутија (на неа пишува согласки).<br>o Вежби: Подредување картички со звучни согласки со жолто - црвена боја и картички со беззвучни согласки обоени со црвено - зелена боја. Картичките ги сместуваат во кутии со соодветна боја.<br>o Вежби: На листа со зборови звучните согласки ги заокружуваат со жолта, а беззвучните согласки со зелена боја. Доколку имаат говор ги изговаараат гласовите, а наставникот детектира кои се правилно, а кои неправилно изговорени. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да се поттикнува правилно да ги акцентира зборовите при усното изразување;<br>❖ да се оспособува да го определи акцентот на зборовите. | Правила за акцентирање на зборовите: еднослoжни, двосложни и повеќесложни | Акцент | o Вежби за оспособување за правилно акцентирање на зборовите.<br>o Вежби за обележување на акцентот. Со помош на картички со букви се составува збор, потоа се дели на слогови со помош на тактирање со примена на правилото за акцентирање (двосложни, трисложни зборови и сл.)<br>o Вежба:Учениците добиваат листа на зборови со одбележан акцент. Секој ученик ги изговара зборовите според одбележаниот акцент. |
| | **Морфологија** | | |
| ❖ Да се запознава видовите зборови;<br>❖ да се поттикнува да ја определува групата во која припаѓаат видовите зборови (менливи или неменливи). | Морфолошка класификација на зборовите: менливи и неменливи зборови | Видови зборови | o Вежби за препознавање на видовите зборови.<br>o Вежби за класификација на зборовите во зборовни групи.<br>o Вежба: Учениците добиваат листа со менливи и неменливи зборови со листа на наставки, претставки, суфикси и префикси со задача да ги употребат предложените додавки во формирање нови форми на зборови. Учениците ги издвојуваат зборовите кои останале во првобитната форма. Наставникот фронтално извлекува одговор на прашањето зошто на тие зборови не им ја промениле формата. |
| ❖ Да се оспособува да го препознава видот на именките;<br>❖ да се поттикнува да ја разликува глаголската именка; | Именки: општи, сопствени (како повторување) и збирни | Именки: општи, сопствени (како повторување) и збирни<br><br>Определеност кај именките (членување) | o Вежби за препознавање на видот на именките. Видот на именката е поврзан со одредена боја на хартијата на која се напишани (општите именки со црвена боја, сопствените со сина, а збирните со жолта боја-ги класифицираат според бојата, а со помош на наставникот го одредуваат видот на кој припаѓаат. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да стекне основни сознанија за правилна примена на членувањето на именките. | | | o Усно изговараат различни видови именки.<br>o Потцртуваат различни видови именки во дадени реченици (самостојно и/или со помош). |
| ❖ Да се оспособи да ги применува глаголите како видови зборови;<br>❖ да се оспособи да ги препознава исказниот, заповедниот и можниот начин (без дефинирање). | Глаголи<br>Граматичка категорија начин: исказен, заповеден и можен начин | Категорија начин кај глаголите | o Вежби за препознавање на глаголите и за сфаќање на нивните граматички категории. Глаголите треба да се поврзат со одреден симбол (пр.; топката означува акција, движење и сл.).<br>o Учениците добиваат ливчиња со напишани зборови, ги читаат глаголите и ги ставаат во касичка со форма на топка, а останатите ги ставаат во касичка со форма на коцка.<br>o Вежби: Учениците добиваат ливчиња со слики/цртежи и напишан поим и одредуваат дали се во еднина или во множина, а потоа ги класифицираат - зборовите во еднина во црвена кутија, а оние во множина во сина кутија. |
| ❖ Да се запознае дека има повеќе видови придавки;<br>❖ да се поттикнува да препознава некои од нив според видот;<br>❖ да се поттикнува да ги го усвои поимот за материјалните придавки; | Материјални придавки | Материјални придавки | o Вежби за препознавање на материјалните придавки.<br>o Вежби за разликување на материјалните придавки.<br>o Вежби за правилна употреба на материјалните придавки во реченицата.<br>o Учениците од наставно ливче на кое има 3 - 4 реченици во кои има материјални придавки треба во тетратка да ги препишат оние материјални придавки кои ги препознаваат.<br>o Учениците од наставно ливче на кое има реченици во кои недостасуваат придавки (соодветните придавки се претставени на друго ливче) треба да ја комплетираат реченицата со соодветната придавка. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ❖ да се поттикнува правилно да ги применува маеријалните придавки во усниот и писмениот говор. | | | • Учениците од наставно ливче на кое има реченици со материјални придавки истите ги покажуваат и треба ги поврзат со соодветните именки на кои се однесуваат.<br>• Вежби за збогатување на текстот со употреба на придавки. |
| Да ги применува заменките како видови зборови;<br>да ги категоризира по групи. | Заменки (лични и показни) | Лични<br>Показни | • Вежби за препознавање на личната заменка „јас” и нејзината примена во говорот и писменото изразување.<br>• Вежби за препознавање на показни заменка и нејзината примена во говорот и писменото изразување..<br>• Говорни вежби: Одговарање на насочени прашања на пример, Кој....... ?. |
| | **Синтакса** | | |
| Да се поттикнува да ги открива подметот и прирокот во реченици (повторување). | Реченица: главни реченични делови (подмет и прирок)<br>Подмет: зборови што се јавуваат во функција на подмет | Главни реченицни членови: подмет и прирок<br>Зборови во функција на подмет | • Вежби за препознавање подмет и прирок во реченицата.<br>• Вежби за посочување на видовите зборови во функција на подмет.<br>• Вежби за самостојно составување реченици со различни видови зборови во функција на подмет. |
| Да се оспособува да ги препознава и именува прилошките определби (додатоци на прирокот). | Неопходни реченицни делови: прилошки определби за место, време, начин | Прилошки определби: за место, време, начин | • Вежби за препознавање и класифицирање на прилошките определби според видот. |
| Да ги препознава сложените реченици;<br>да го усвои поимот за | Сложена реченица<br>Поим за сложена реченица | Сложена реченица | • Вежби за откривање на сложената реченица.<br>• Вежби за составување сложени реченици - проследено со слики. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| сложена реченица;<br>- да се поттикнува да ги проширува простите реченици во сложени. | | | - Вежби за трансформација на прости во сложени реченици - проследено со слики. |
| | **Речник и стил** | | |
| - Да се оспособува правилно да ги применува хомонимите и антонимите во усниот и писмениот говор;<br>- да се поттикнува да го збогатува изразувањето со примена на овие зборови. | Лексичко значење на зборовите: синоними, антоними и хомоними (како повторување) | Хомоними<br>Антоними | - Вежби за откривање на зборовите според нивното лексичко значење. Препорака: секоја реченица да биде проследена со слика.<br>- Вежби за примена на овие зборови во текст. Препорака: секоја реченица да биде проследена со слика. |
| | **Правопис** | | |
| - Да се оспособува да го разбере основното значење на посочени скратеници;<br>- да се поттикнува да користи скратеници во писменото изразување. | Скратеници: за обраќање кон лица, за мерките во метричкиот систем и за други мерки и големини | Скратеници | - Вежби за објаснување на посочени скратеници.<br>- Вежби за скратување зборови.<br>- Вежби: Употреба на правописот во писменото изразување. |
| - Да ги применува правилата за слеано пишување на зборовите. | Слеано пишување на сложените зборови: именки, придавки, прилози и броеви | Слеано пишување на зборовите | - Вежби за слеано пишување на зборовите.<br>- Диктат. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • Да се поттикнува да стекне основни сознанија за основното и преносното значење на зборовите;<br>• да се поттикнува да го користи преносното значење на зборовите во збогатување на изразувањето. | Употреба на зборовите во нивното основно значење и можностите за употреба во преносно значење. | Речник и стил: основно и преносно значење на зборовите | • Вежби за согледување на основното и преносното значење на зборовите.<br>• Вежби за примена на знаењата во збогатување на својот речник и стил. |
| • Да знае за правилната употреба на интерпунк-циските знаци. | Употреба на интерпункциските знаци | Интерпункциски знаци за директен говор | • Вежби за правилна употреба на интерпункциските знаци во писменото изразување.<br>Препорака: секоја реченица да биде проследена со слика. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЦЈЕ: *ЛИТЕРАТУРА* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>• Да се поттикнува да ги разбира разликите меѓу литературните родови;<br>• да се стимулира да чита куси лирски творби;<br>• да се оспособува да ја разбира содржината на прочитаните текстови. | Лирика | Литературни родови | • Читање куси литературни текстови од различни литературни родови и нивно споредување.<br>• Вежби за објаснување на разликите меѓу творбите.<br>• Вежба: Ученикот треба да прочита по еден кус текст од различни литературни родови.<br>Препорака: секој текст да биде проследен со слики, фотграфии и/или цртежи. |

| | **Проза** | | |
|---|---|---|---|
| - Да се оспособува да презентира содржина од учен (прочитан) текст;<br>- да се поттикнува да чита куси текстови и/или извадоци од текстови. | Содржина на текст | Содржина | • Вежби за презентирање на содржината од учен (прочитан) текст;<br>• Вежби: Читање куси текстови илустрирани со слики. Потоа следи разгледување на сликите на кои закачуваат реченици кои соодветствуваат на содржината прикажана на сликите.<br>• Вежби: Учениците со проблеми во говорот, доколку го знаат значењето на сликите и визуелно ги препознаваат соодветните зборови користат говорна табла. |
| - Да се поттикнува да стекне основни сознанија за белезите на расказот како куса проза;<br>- да се оспособува да разликува видови раскази според темата. | Белези на расказот<br>Видови раскази | Расказ | • Читање куси раскази за деца.<br>• Вежби за откривање на елементите на расказот.<br>• Примена на аудио средство. |
| - Да разликува раскажувачка форма во прво и во трето лице. | Расказувач во прво и во трето лице | Наратор (раскажувач) | • Вежби: Текстови за откривање на позицијата на раскажувачот.<br>• Вежби за раскажување во прво и трето лице. |
| - Да се оспособува да стекне основни сознанија за спецификата на драмскиот текст. | Поим за драма (како литературен род) | Драма | • Драмски текстови.<br>• Аудио средство.<br>• Да чита дијалози и монолози како елементи на драмски текст. |
| - Да се оспособува да ги препознава дијалозите и монолозите во извадоци од драмски текст. | Дијалог и монолог во драмски текст<br>Комуникациски дијалог | Дијалог и монолог | • Вежби за водење меѓусебен комуникациски дијалог.<br>• Настапување со монолог (наставникот дава пример, а, потоа бара од учениците да го сторат истото.<br>• Аудио средства (слушање приказни за деца и народни приказни). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **Поезија** | | |
| - Да се оспособува да ги препознава видовите лирски песни според мотивите;<br>- Да се оспособува да ги препознава љубовните песни. | Лирски песни | Видови лирски песни | • Избор од лирски песни (со различни мотиви).<br>• Рецитирање на истите.<br>• Аудио средство.<br>• Вежби за посочување на визуелни и аудитивни елементи во поетски творби. |
| - Да се оспособува да ги усвои стилските фигури;<br>- да се поттикнува да ги препознава и да ги посочува во текстови. | Стилски фигури | Стилски фигури | • Текстови од народната и авторската литература.<br>• Вежби за рецитирање на творбите.<br>• Читање на творбите.<br>• Дискусии за употребените стилски фигури и целта од употребата.<br>• Аудио- средство. |
| | | | |

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | **Усно изразување** | | |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- Да се поттикнува да употребува соодветни зборови за културна комуникација;<br>- да се оспособува да води службен и приватен разговор. | Разговорот како вид комуникација: формулирање прашања и одговори на прашањата Интервју (играње улоги) | Разговор | • Вежби за културна меѓусебна комуникација со користење говорна табла.<br>• Импровизирани разговори со селекција на зборови во зависност со кого комуницира комуникација со користење говорна табла.<br>• Вежби во двојки (парови кои мозе да биде уцц-уцц И наст-иц у???????//) за водење службен и приватен разговор со користење говорна табла. |
| - Да се оспособува течно да раскажува доживеани случки; | Хронолошко и ретроспективно раскажување | Прераскажување<br>Раскажување<br>Опишување | • Вежби за раскажување преку одговори на насочени прашања од страна наставникот. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да се поттикнува да го збогатува изразувањето со употреба на изразни средства;<br>- да се оспособува да препознава и презен-тира раскажување по хронологија. | Детално опишување<br>Опишување на ликови и личности | Лик и личност | • Вежби за збогатување на изразувањето.<br>• Хронолошко и ретроспективно раскажување на доживеани настани (проследено со слики). |
| - Да се запознае со поимот извештај (за работата на училиш-ната секција и сл.). | Известување: вест, извештај | Вест<br>Извештај | • Вежби: Прикази на веќе изготвени извештаи.<br>• Текстови од весници и списанија. |
| - Да ги применува знаењата за читање дијалог, монолог, раскажувања на автор (глас, дикција, движења и сл.);-<br>- да умее сценски да изведе драмски текст (со мимики, гестови, движења, глас и сл.). | Сценски изведби | Драматизација | • Писмени и усни вежби за претставување текстови по улоги.<br>• Гледање видеозаписи на македонски народни приказни и имитирање на улоги по избор на ученикот/ученичката:<br>• Вежби за читање текстови по улоги.<br>• Организирање импровизирани сценски изведби. |
| | **Писмено изразување** | | |
| - Да се оспособува да раскажува и да прерас-кажува во писмена форма;<br>- да се поттикнува да ги применува знаењата од правописот, стилот и | Писмено изразување: раскажување, прераскажување, опишување, лик и личност, вест, извештај | Раскажување<br>Прераскажување<br>Опишување<br>Лик и личност | • Вежби за писмено творење.<br>• Вежби за примена на стекнатите знаења за писмено изразување.<br>• Вежби за составување извештај и соопштение. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| јазикот и јазичните норми. | | | |
| Да се оспособува за правилна примена на знаењата при изработка на диктат. | Диктат | Диктат | • Вежби: Диктат на прости пеценици.<br>• Работа во парови-меѓусебно диктирање.<br>• Вежби за творење диктат (да го богати речникот по дадени барања). |
| Да се оспособува за правилно писмено изразување. | Писмено изразување | | • Вежби за правилно писмено изразување.<br>*Напомена: Да се користат соодветните современи методи и техники за читање и пишување кои ќе придонесат правилно писмено изразување.* |

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЕ: *МЕДИУМСКА КУЛТУРА*** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содрзини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>Да се оспособува да препознава рубрики во весници и списанија. | Видови медиуми: електронски и печатени<br><br>Весници, списанија и рубрики | Медиуми: печатени и електронски | • Весници и списанија.<br>• Вежби за разгледување, разговор, прераскажување и одговарање на насочени прашања.<br>• Вежби за воочување на разликите помеѓу електронските и печатените медиуми. |
| Да се поттикнува да стекне основни созна-нија за улогата на режисерот, актерот, костимографот и сценографот. | Режисер<br>Актер<br>Костимограф<br>Сценограф | Режисер<br>Актер<br>Костимограф<br>Сценограф | • Посета на театарска претстава.<br>• Дружење со учесници во драмската претстава.<br>• Обид за правење драмска претстава на училиште. |
| Да се поттикнува да ја знае улогата на медиотеката. | Медиотека | Медиотека | • Посета на медиотека.<br>• Разговор со вработените во медиотеката.<br>Вежби за користење соодветен софтвер во медиотека за пребарување податоци значајни за учениците. |

Напомени за начинот на планирање и реализација  на наставната програма

Во паралелките во посебните основни училишта и во посебните паралелки при редовните основни училишта составот на учениците е изразито хетероген. За учениците со посебни образовни потреби, согласно видот и степенот на попреченоста, треба да се практикува строго диференциран и индивидуализиран пристап во рамките на воспитно – образовниот процес. Ваквиот приод е во функција на нивните индивидуални специфични потреби, а, се очекува да резултира со развивање на индивидуалните потенцијали, и, секако максимални академски постигања.
Во тој контекст, наставниците кои реализираат настава со овие ученици треба:

- да се обидат при изготвувањето на планирањето  (доколку видот и степенот на попреченоста на учениците во паралелката го дозволува тоа) да планираат исти содржини, цели и активности  за целата паралелка;
- за учениците во паралелката чиј вид и степен на попреченост не дозволува наставниците да планираат исти содржини, цели и активности  за целата паралелка, тогаш за нив треба да планираат парцијална партиципација во рамките на содржините, целите и активностите кои ги реализира целата паралелка;
- доколку видот и степенот на попреченост е многу сериозен наставникот пристапува кон изготвување интерен индивидуален образовен план за тие ученици во рамките на адаптираните наставни програми (при изготвувањето на индивидуалниот образовен план наставникот може да користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години). Кога наставникот во индивидуалниот образовен план користи наставни содржини и цели и од наставните програми од претходните учебни години, треба да ги наведе одделението, содржините, како и целта на нивното повторно обработување.

## 3. КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧЕНИЦИТЕ СО ПРЕЧКИ ВО ПСИХИЧКИОТ РАЗВОЈ

Кај учениците со пречки во психичкиот развој се аспектирани степенот на интелегенција, квалитетот на перецепцијата, способностите за анализа и синтеза, мислењето, памтењето, вербалните способности, мотивацијата, како и моторните и социјалните компетенции. Овие учениици се со сиромашен речник, недоволниот лексички фонд не им дозволува адекватно да ги изразат своите мисли и истовремено го отежнува разбирањето на искажаното на соговорникот. Во говорните ситуации често употребуваат многу воопштени, нејасни, неопределени и несоодветни зборови (исказите не се прецизни, или воопшто не се соодветни за предметите за кои говорат).Тешкотии во ориентацијата во просторот претставува голем проблем при развивање на способностите за читање, пишување и извршувањето на математичките задачи. Тешкотиите при памтењето доаѓаат до израз во спориот процес на памтење и отсуството на примена на техниките на запамтување. Некои истражувања покажуваат дека и овие

ученици можат да бидат успешни доколку се исполнат одредени предуслови. Секоја нова содржина треба максимално да биде прилагодена на способностите на ученикот, адекватно дозирана со примена на соодветни и за ученикот интересни наставни средства. Неопходно е повеќе пати да се повторува на нови примери, со нови наставни средства и дидактички материјал. Дури на добро разбрана и усвоена содржина може да се градат нови педагошки барања. Се препорачува изготвување индивидуализирани наставни ливчиња за повторување , утврдување и увежбување на одредени содржини. На краткотрајното задржување на вниманието на некоја содржина (флуктуирачко внимание) може да се влијае преку одредени методски постапки (развивање интерес на содржината кој вклучува едноставни и одредени задачи -налози, разбирливост на градивото кое му се презентира на ученикот, примена на таков дидактички материјал кој е инетересен, различен и не е оптоварен со непотребни детали.

Подрачјето на перцептивниот развој вклучува низа компоненти како основа за успешно учење. Особено се значајни оние кои се одговорни за аудитивната, визуелната, тактилната и кинестетичката перцепција т.е. интерпретацијата на околината од страна на ученикот на споменатите подрачја. Додека во перципирањето секогаш е присутна сензорната дразба на тоа што ќе перципираме влијае состојбата во која се наоѓаме, претходното искуство кое го поседуваме, па според тоа перципирањето не претставува само пасивно регистрирање на дразбите кои делуваат на нашите осетни органи. Предуслов е инатактното сензорно функционирање. Испитувањата покажуваат дека освен тешкотиите во перципирањето во едно осетно подрачје , кај нив може да се јават тешкотии во интеграцијата на информациите од повеќе сензорни подрачја, како и тешкотијата во селективната детекција, кои се однесуваат на перцепциите на релевантните карактеристики на дразбата.

Овие ученици најчесто учат по пат на имитации, затоа наставникот треба да биде во улога на модел кој учениците ќе го имитираат.

Учењето на нови содржини треба да претставува надградување врз претходното знаење (секојдневните искуства) на учениците. Во таков педагошки дијалог учениците можат да ги покажат сопствените знаења и вештини и активно да партиципираат во текот на часот. Преку педагошкиот дијалог наставникот формира јасна претстава за нивото на усвоеност на одредени содржини и вештини.

При планирањето наставникот треба да го почитува принципот на функционално учење, наученото на часот да биде практично применливо во секојдневното живеење. Тоа ќе биде дополнителен мотив за учениците побрзо и поуспешно да учат. Учениците ќе бидат мотивирани, а, интересот за учење ќе биде голем доколку наставната содржина е презентирана во вид на приказна, со стил близок и разбирлив за учениците. Треба да се избегнува оптоварување со фактографски податоци кои се речиси неупотребливи за оваа популација. Учениците треба да се постојано ангажирани, и, истовремено задоволни, а наставникот дискретно треба да ги има сите во фокус, и, секако да се обидува да одговори на нивните специфични потреби и афинитети.

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Содржината на наставната програма по предметот **македонски јазик** овозможува интегрирано планирање со наставата по предметите: **математика, ликовно образование, музичко образование, основи на природните науки** . Во интегрирано планирање на предметното подрачје **Јазик** можат да се вклучат и содржини од: основи на општествените науки (кога ученикот се запознава со видовите зборови во усно и писмено изразување именувајќи ги поимите од овој наставен предмет или кога се работат содржини од историскиот развој на јазикот); со *математика* (при именување на поимите од содржините од математика или со приближната и точната бројност на броевите како видови зборови); со *ликовно образование* (со правење цртежи со кои се претставуваат ликови, настани од текстовите кои се работат); со *музичко образование* (преку содржините кои се поврзани со самогласките и согласките, со содржини преку кои се запознаваат со ритам).

Во севкупното планирање на содржините на наставниот предмет *македонски јазик* треба да се вклучуваат и планирања кои се поврзани со вреднување на постигањата на учениците за време на реализацијата на наставната програма. Тоа подразбира дека вреднувањето треба да е дел и од дневните, тематските и од глобалните планирања на наставниот процес.

Планирањето на наставата по македонски јазик треба да биде во координација со наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја (*јазик, читање, литература и лектира, изразување и творење* и *медиумска култура*). При одредувањето на бројот на часовите за предметните подрачја треба да се имаат предвид и специфичностите на условите за изведување на оваа настава во училиштето каде што работи наставникот. Во планирањето на наставната програма треба да се уважува фактот различното тежинско ниво на програмските содржини во рамките на програмата што се извлекува од поставеноста на целите што треба да е основа на планирањето на наставниот процес. На сите содржини не може, и не треба, да им се посветува подеднакво внимание во наставата. Во планирањето, исто така, како појдовна основа треба да е и поставеноста на наставната содржина, потребниот временски рок за реализација на истата, како и нивото на постигања на поставените цели. Сепак, се препорачува да нема впечатливо големи временски отстапки за содржинската реализација.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови*- 144 часа годишно, 4 часа неделно.

- По наставни подрачја се предлага: јазик – 50 часа; читање, литература и лектира - 50 часа; изразување и творење - 34 часа; медиумска култура - 10 часа.

*Наставни средства:*

- учебник избран на ниво на училиштето за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;
- енциклопедии, речници и сл.;
- Интернет, образовни софтвери;
- списанија - традиционално потврдени списанија за деца (одобрени списанија);
- аудиовизуелни средства и други средства во зависност од предметот – ЦД (литературни текстови, звучни записи);
- други извори на учење во непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, нацинални паркови итн.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

*ДИЈАГНОСТИЧКО ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ*

На почетокот на учебната година наставникот врши дијагностичко проверување и оценување со цел да ја спознае состојбата таква каква што е, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности.

Дијагностичкото проверување наставникот може да го реализира со примена на повеќе инструменти како што се: дијагностички тестови, со усни прашања подготвени од наставникот, со усни прашања подготвени од учениците, со пишување кратки состави.

Добиените одговори се слика на ученичките предзнаења во најширока смисла на зборот и претставуваат основа за планирањата за реализацијата на наставната програма и процесот на оценување во текот на наставната година.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ*

Во текот на наставата по македонски јазик во шесто одделение се препорачува формативно следење кое ќе овозможи формирање на објективни описи како повратна информација за постигањата на учениците во определен временски период. Формативното следење на постигањата на учениците наставникот може да го реализира со користење на повеќе методи за оценување:

- разговори наставник/ученик;
- усни презентации;
- домашни работи;
- портфолио - собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно.

Портфолиото треба, во текот на целата година, да им е достапно на родителите за да можат да придонесат во квалитетната реализација на наставата по македонски јазик. Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци продолжува во наредното, повисоко одделение.

Овие и други методи за оценување наставникот може да ги вреднува со однапред подготвени евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретна негова активност, која е специфична (позитивна или негативна) или студии на случај во кои наставникот ја бележи фактичката состојба. Добиените резултати од следењето на постигањата на учениците овозможуваат креирање на планирани усни и пишани повратни информации кои во форма на креирани описи се наменети за учениците, за родителите и за самите наставници.

**МИКРОСУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ** - На крајот од секое тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување, се реализира микросумативно оценување од чиишто резултати се оформуваат тримесечните описни вреднувања за постигањата на учениците.

**СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ** - Врз основа на целокупните податоци добиени од следењето, проверката на постигањата на учениците во текот на реализацијата на наставната програма наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје.
Од формираните сумативните описни оценки формулирани за секој ученик посебно раководејќи се од поставените нивоа на постигања во текот на определени временски периоди (на крајот на полугодието и на крајот на учебната година) наставникот внесува и соодветни нумерички оценки.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Настава по македонски јазик во шесто одделение може да изведува лице кое завршило:

Филолошки (порано Филозофски) факултет:

- студиска група за македонски јазик и македонска книжевност;
- студиска група за македонски јазик и книжевност;
- студиска група за македонска книжевност и јужнословенски книжевности (порано книжевности на народите на СФРЈ);
- студиска група за за општа и компаративна книжевност – наставна насока;
- студиска група за за општа и компаративна книжевност – друга насока со здобиена соодветна педагошко – психолошка и методска подготовка на соодветен факултет;
- двопредметни студии по македонски јазик и англиски јазик; македонски јазик и француски јазик; македонски јазик и германски јазик;
- покрај со соодветна педагошко – психолошка и методска подготовка на соодветен факултет треба да се здобие и со дополнителна дефектолошка дообразба на соодветен факултет;
- филозофски факултет – Институтт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет, дипломиран дефектолог.

Доколку на објавениот јавен оглас не конкурирало лице со стекнато образование од горенаведените студиски групи, може да изведува настава лице кое завршило:

- македонски јазик како втор главен предмет – наставна насока.

Изготвил: работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
Контролирал: м-р Митко Чешларов, раководител на сектор во Бирото за развој на образованието – Скопје
Одобрил: м-р Весна Хорватовиќ, директор на Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по македонски јазик за шесто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со пречки во психичкиот развој, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден ------------------------------------------

Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр 11-3997/1
19 03 20 15 год.
СКОПЈЕ

Министер,

Спиро Ристовски